

# ТУРИЗМОТ ВО УРБАНИТЕ СРЕДИНИ

**ДЕЈАН МЕТОДИЈЕСКИ, ОЛИВЕР ФИЛИПОСКИ, МИЛЕНА ТАЛЕСКА, ЕМИЛИЈА ТОДОРОВИЌ, ТАЊА АНГЕЛКОВА ПЕТКОВА, ВЛАДИМИР КИТАНОВ, ЈУЛИЈАНА САЗДОВА**

# ТУРИЗМОТ ВО УРБАНИТЕ СРЕДИНИ

ТУРИСТИКА
СКОПЈЕ
2023

**Автори:**
Дејан Методијески, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Оливер Филипоски, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Милена Талеска, Природно-математички факултет, Универзитет „Св.кирил и Методиј“, Скопје
Емилија Тодоровиќ, СУГС „Лазар Танев“, Скопје
Тања Ангелкова Петкова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Владимир Китанов, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Јулијана Саздова, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
**Уредник:** Никола Цуцулески
**Рецензенти:** Нако Ташков, Горан Антониевски
**Лектор:** Толе Белчев
**Дизајн:** Туристика Скопје
**Печати:** Печатница Дуле 99
**Тираж:** 100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
338.48-44(100)(075)
338.48-44(497.7)(075)
ТУРИЗМОТ во урбаните средини / Дејан Методијески ... [и др.]. - Скопје : Туристика, 2023. - 154 стр. : илустр. ; 30 см
Фусноти кон текстот. - Други автори: Оливер Филипоски, Милена Талеска, Емилија Тодоровиќ, Владимир Китанов, Тања Ангелкова Петкова, Јулијана Саздова. - Библиографија: стр. 138-152
ISBN 978-608-4872-19-1
1. Методијески, Дејан [автор] 2. Филипоски, Оливер [автор] 3. Тодоровиќ, Емилија [автор] 4. Китанов, Владимир [автор] 5. Ангелкова Петкова, Тања [автор] 6. Саздова, Јулијана [автор] 7. Талеска, Милена [автор]
а) Туризам, урбан -- Свет -- Учебници б) Туризам, урбан -- Македонија -- Учебници
COBISS.MK-ID 61793797

## Содржина

ПРЕДГОВОР ........................................................... 5
I. ПОИМ ЗА ТУРИЗАМ И УРБАН ТУРИЗАМ ............... 8
1. Дефиниции поврзани со поимот туризам ............... 8
2. Критериуми за поделба на видовите туризам ..... 15
3. Дефинирање на поимот урбан туризам ............... 18
3.1. Историски развој на урбаниот туризам ............. 18
3.2. Дефиниции за урбан туризам ............................ 25
3.3. Видови туризам во урбаните средини ............... 30
3.3.1. Културолошки туризам ................................... 33
3.3.2. Шопинг туризам.............................................. 36
3.3.3. Бизнис туризам .............................................. 38
3.3.4. Спортски туризам........................................... 40
3.3.5. Бекпекер туризам........................................... 43
3.3.6. СМАРТ туризам .............................................. 46
4. Просторен опфат на урбаниот туризам................ 48
II. ФАКТОРИ ЗА ПОСТОЕЊЕ И РАЗВОЈ НА УРБАНИОТ ТУРИЗАМ ............................................. 52
1. Основни фактори за постоење и развој на урбаниот туризам............................................................... 52
1.1. Природни и антропогени туристички фактори .. 53
1.2. Инфраструктура ................................................. 54
1.3. Објекти за сместување и нивна категоризација 56
1.4. Вработување ....................................................... 59
1.5. Атракции ............................................................. 61
1.6. Исхрана во урбаната средина........................... 64
1.7. Институционална рамка .................................... 66
1.7.1. Централна власт ............................................. 67
1.7.2. Туристичка политика и нејзините мерки ......... 67
1.7.3. Локална самоуправа ........................................ 69
1.8. Меѓународни организации кои го потпомагаат развојот на урбаниот туризам .................................. 74
1.8.1. Европска асоцијација за урбан туризам ......... 74
1.8.2. Светска туристичка организација ................... 76
1.8.3. УНЕСКО............................................................ 79

1.9. Безбедност........................................................ 80
1.10. Информациски технологии.............................. 82
1.11. Туристичко посредништво............................... 85
1.12. Туристички водичи.......................................... 87
1.13. Туристички информативни центри................... 89
2. Понуда на урбан туризам..................................... 90
2.1. Карактеристики на понудата ............................. 90
2.2. Маркетинг во урбаниот туризам........................ 92
2.2.1. Промоција на градовите................................. 94
2.2.2. Брендирање на градовите.............................. 96
3. Побарувачка на урбан туризам............................ 97
3.1. Мотивација за престој во урбаните средини..... 99
3.2. Профил на туристите...................................... 101
4. Креативните индустрии во функција на урбаниот туризам.............................................................. 104
III. УРБАНИОТ ТУРИЗАМ ВО МАКЕДОНИЈА......... 111
1. Потенцијали и можности за развој на урбаниот туризам во Македонија......................................... 111
2. Валоризација на урбаниот туризам во регионалните центри ............................................................... 118
3. Локален развој на урбаниот туризам................. 129
3.1. Организација на туризмот во град Скопје ....... 131
3.2. Организација на туризмот во град Охрид........ 136
КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ................................... 138

## ПРЕДГОВОР

Долго време туризмот бил поврзуван со движење на градското население кон руралните средини или приморските дестинации поради одмор, екскурзија и др. Концептот на урбаниот туризам влегол во агендата на авторите кои се занимаваат со туризмот во 80-те години на минатиот век, кога многу градови започнале да се развиваат како туристички дестинации. Од тогаш па до денес, урбаниот туризам е прифатен како посебен вид туризам и напишани се голем број трудови поврзани со него.

Предмет на истражување на оваа книга е туризмот кој се одвива во урбаните средини и ги презентира урбаниот начин на живот, уметноста, културата и наследството на истите. Во основа, урбаниот туризам е активност која се одвива во урбаните средини. Како таква, таа претставува комплексна област, како од аспект на понудата, така и од аспект на побарувачката и во неа може да бидат вклучени најразлични видови туризам.

Оваа книга има за цел да понуди истражување на литературата и концептите за урбан туризам и како тие концепти би можеле на најуспешен начин да се применат во областа на урбаниот туризам во нашата земја.

Суштината на трудот се содржи во три главни делови. Првиот дел, кој е насловен „Поим за туризам и урбан туризам”, ги опфаќа дефинирањето на поимот туризам и критериумите за поделба на видовите туризам, како и дефинирањето на поимот урбан туризам. Првиот дел завршува со анализа на

досегашните научни истражувања до кои што имаме пристап, а се однесуваат на урбаниот туризам (историски развој, дефинирање, просторен опфат, видови на туризам во урбаната средина).

Вториот дел се концентрира на факторите за постоење и развој на урбаниот туризам. Земени се во предвид: природните и антропогените вредности, инфраструктурата, сместувачките капацитети, вработувањето во туризмот, исхраната, атракциите, институционалната рамка, туристичката политика, посредништвото, туристичките водичи, информациските технологии, понудата и побарувачката на урбаниот туризам, маркетингот во урбаниот туризам, креативните индустрии во функција на урбаниот туризам и др. Исто така, земени се примери од различни земји во светот преку кои е прикажана состојбата на урбаниот туризам и неговата функција во полза на подобрување на социо-економската состојба на градовите. Користени се статистички податоци кои укажуваат на степенот на развој и видот на урбан туризам во овие земји. Во овој дел се претставени и некои меѓународни организации кои го помагаат развојот на урбаниот туризам и имаат голема улога во дефинирањето и насоката на урбаниот туризам во иднина.

Третиот дел е посветен на состојбите и можностите за развој на урбаниот туризам во Македонија. Овој дел го опфаќа истражувањето од кое се добиени податоци за моменталната состојба и потенцијалите на урбаниот туризам во регионалните центри во земјата.

Во материјалот се презентирани современите светски тенденции во развојот на урбаниот туризам. Во изработката на книгата користена е соодветна стручна литература и релевантни интернет извори од областа на туризмот во урбаните средини.

Имајќи предвид дека ова е прво издание на книгата, можеби сме пропуштиле некои важни елементи поврзани со урбаниот туризам. За сите забелешки, мислења и коментари, авторите ќе Ви бидат благодарни и ќе ги земат предвид при создавањето на второто дополнето и проширено издание. Исто така, искажуваме благодарност и до сите наши колеги и соработници кои дадоа придонес во обезбедувањето на неопходните материјали за комплетирање на книгата, како и на рецензентите за укажаните искрени и конструктивни сугестии.

Од авторите

